20252384626

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

☐ Врз основа на член 54, став (1), точка 1.11, а во врска со член 62, став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 24.11.2025 година донесе

## ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ГАС

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој Тарифен систем за дистрибуција на гас (во понатамошниот текст: Тарифен систем) се уредува начинот на формирање на тарифите што потрошувачите треба да ги платат за користење на системот за дистрибуција на гас.

(2) Тарифата за дистрибуција на гас се пресметува со примена на Методологијата содржана во Прилогот 1 којшто е составен дел на овој Тарифен систем.

(3) Тарифата за дистрибуција на гас е недискриминаторна и ги одразува трошоците, имајќи ги во предвид долгорочните капитални трошоци и оперативните трошоци на операторот на системот за дистрибуција на гас.

(4) Тарифата пресметана и утврдена согласно овој Тарифен систем треба да овозможи остварување на одобрениот приход на вршителите на дејноста дистрибуција на гас.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој Тарифен систем го имаат следново значење:

1) „кубен метар гас“ е количина на гас содржана во 1m3 при апсолутен притисок од 1,01325 bar и температура од 0°C,

2) „гасен ден“е период од 24 часа кој што започнува во 6:00 часот во тековниот ден и трае до 6:00 часот во наредниот ден сметано по CET време, при што на денот на преминување од зимско на летно сметање на времето, гасниот ден е период од 23 часа, а на денот на преминување од летно на зимско, гасниот ден е период од 25 часа,

3) „гасен месец“ е период од дваесет и осум (28) до триесет и еден (31) гасни денови, почнувајќи и завршувајќи на првиот ден од даден календарски месец во 6:00 часот по CET време. Тековниот гасен месец се означува како М. Следниот гасен месец се означува како М+1,

4) „квартал К“ е временски период од три последователни месеци М,

5) „гасна година“ е период што започнува во 6:00 часот сметано по CET време на 01 Октомври секоја календарска година и завршува во 6:00 часот сметано по CET време на 01 Октомври следната календарска година,

6) „потрошувач“ е купувач на големо или краен потрошувач на гас,

7) „одобрен приход“ е приход на вршителот на дејноста дистрибуција на гас, одобрен со одлука на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), донесена врз основа на соодветниот Правилник,

8) „систем за дистрибуција на гас“ е мрежа на нископритисни и среднопритисни гасоводи, друга опрема и постројки, како и оперативна резерва,

9) „оператор на систем за дистрибуција на гас“ е друштво коешто врши дејност дистрибуција на гас и управува со системот за диструбуција на гас за што му е издадена гиценца и е одговорно за неговото работење, одржување, развој и поврзување со други системи за гас и за обезбедување на долгорочната способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на гас.

## II. ТАРИФНИ ЕЛЕМЕНТИ

### Член 3

(1) Тарифните елементи се пресметковни големини по кои што регулираниот максимален приход на операторот на системот за дистрибуција на гас се распределува на потрошувачите.

(2) При распределување на регулираниот максималниот приход се утврдува тарифен елемент за дистрибуирани количини на гас.

(3) Тарифниот елемент за количина на гас се определува како збир од планираните количини за сите излезни точки од системот за дистрибуција на гас.

(4) За година Г, операторот на системот за дистрибуција на гас ја определува планираната потрошувачка на гас, по точките на излез врз основа на историската потрошувачка и планираните количини од страна на операторот и потрошувачите, а одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.

## III. КАТЕГОРИИ НА ПОТРОШУВАЧИ

### Член 4

Според карактеристиките и динамиката на користење на дистрибутивниот систем, со овој Тарифен систем се дефинираат следните категории потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на гас:

1) производители на топлинска енергија кои што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга,

2) производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија,

3) домаќинства, и

4) останати потрошувачи.

### Член 5

(1) Надоместокот за користење на системот за дистрибуција на гас го плаќаат сите потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на гас.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на гас го пресметува надоместокот од став (1) на овој член врз основа на мерењата на потрошените количини на гас во текот на еден месец и тарифата за дистрибуција на гас утврдена од Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Надоместокот од став (2) на овој член операторот на системот за дистрибуција на гас го фактурира со месечни фактури.

(4) Операторите на системите за дистрибуција на гас ги доставуваат податоците за месечната потрошувачка за потрошувачите до снабдувачите според договорите за снабдување.

### Член 6

(1) Регулаторната комисија за енергетика со одлука ги утврдува тарифите за дистрибуција на гас за период од една календарска година за секој дистрибутивен систем одделно.

(2) Тарифите за дистрибуција на  гас се пресметуваат со примена на Методологијата содржана во Прилогот 1 којшто е составен дел на овој Тарифен систем.

(3) Тарифите за дистрибуција на  гас се утврдуваат соодветно за секоја категорија потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на  гас.

(4) Тарифите од ставот (3) на овој член се определуваат врз основа на просечната пресметковна тарифа и релативните коефициенти со кои што се пресметуваат тарифите на одделните потрошувачи.

(5) Релативните коефициенти од ставот (4) на овој член се изразуваат како однос на тарифата за одделена категорија потрошувачи и просечната пресметковна тарифа и при нивното определување треба да се води сметка за неделната динамика на користење на природниот гас.

(6) Релативните коефициенти од ставот (4) на овој член ги утврдува Регулаторната комисија за енергетика за секој дистрибутивен систем одделно и за секоја година во текот на постапката на утврдување на тарифите за дистрибуција на  гас и ги објавува во соодветната одлука.

## IV. УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФИТЕ

### Член 7

Утврдувањето на тарифите за дистрибуција на  гас е составен дел од барањето за одобрување на регулирани тарифи согласно соодветниот Правилник.

### Член 8

Операторот на системот за дистрибуција на гас е должен во рок од три дена од денот на влегување во сила на Одлуката за утврдување на тарифата, да ја објави утврдената тарифа за дистрибуција на  гас на неговата веб страница.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 9

Постапките за барањата за одобрување на регулиран максимален приход и цена поднесени од страна на операторите на системите за дистрибуција на гас пред стапување во сила на овој Тарифен систем, кои се однесуваат на 2026 година, ќе продолжат согласно овој Тарифен систем.

### Член 10

Со денот на влегување во сила на овој Тарифен систем престанува да важи Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.245/18 и 270/23).

### Член 11

Овој Тарифен систем  влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување  со комунален отпад на Република Северна Македонија

Претседател,

**Марко Бислимоски,** с.р.

Бр. 01-2168/1
24 ноември 2025 година
Скопје

**ПРИЛОГ 1**
**Пресметка на тарифите за дистрибуција на гас**

## 1. Просечна пресметковна тарифа

Просечната пресметковна тарифа се определува врз основа на следната формула:

$$pDT_t = \frac{pRP_t}{pQ_t}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $pDT_t$ | - | просечна пресметковна тарифа | [ден/kWh] |
| $t$ | - | календарска година од регулираниот период за која се пресметува просечната пресметковна тарифа, | |
| $pRP_t$ | - | одобрен приход за операторот на системот за дистрибуција на гас за годината *t*, | [денари] |
| $pQ_t$ | - | вкупна планирана потрошувачка на гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција во годината *t*, | [kWh] |

## 2. Тарифа за дистрибуција на гас за потрошувачите од одредена категорија

Тарифата за дистрибуција на гас потрошувачите од категоријата *j* се определува врз основа на следната формула:

$$DT_{t,j} = rc_{t,j} \cdot pDT_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $DT_{t,j}$ | - | тарифа за дистрибуција на гас што ја плаќаат потрошувачите од категоријата *j* во годината годината *t*, | [денари/kWh] |
| $rc_{t,j}$ | - | релативен коефициент за потрошувачите од категоријата *j* определен од Регулаторната комисија за енергетика за годината *t*, | |
| $pPD_t$ | - | просечна пресметковна тарифа, | [денари/kWh] |
| $j = 1, N_{DP}$ | - | број на категории потрошувачи. | |

Тарифите за дистрибуција пресметани врз основа на методологијата од овој Прилог се заокружуваат на четири децимални места и во себе не го вклучуваат данокот на додадена вредност.

## 3. Надоместокот за дистрибуција на гас што го плаќа секој снабдувач

Надоместокот за дистрибуција на гас што го плаќа секој снабдувач во име на своите потрошувачи на операторот на дистрибутивниот систем се пресметува според следнава формула:

$$ND_{s,m} = \sum_{j=1}^{N_{\mathrm{DP}}} DT_{t,j} \cdot Q_{j,s,m}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ND_{s,m}$ | - | надоместок за дистрибуција на гас | [денари] |
| $DT_{t,j}$ | | тарифа за дистрибуција на гас што ја плаќаат потрошувачите од категоријата *j* во годината *t*, | [денари/kWh] |

$Q_{j,s,m}$ - вкупна потрошувачка на гас во месецот *m* на потрошувачите од категоријата *j* што се снабдуваат преку снабдувачот *s*. “ [kWh]

**ПРИЛОГ 2**

## ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНИРАНА МЕСЕЧНА ПОТРОШУВАЧКА НА ГАС

| Ред.бр. | ПОТРОШУВАЧИ | Година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 20.. | | 20.. | | 20.. | | 20.. | | .. | |
| | | Број | kWh | Број | kWh | Број | kWh | Број | kWh | Број | kWh |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | | | | | | |